*ИНТЕРВЈУ СО Д-Р ГОРАН ДЕРИМАЧКОВСКИ, СПЕЦИЈАЛИСТ УРОЛОГ, СОФИЈА, БУГАРИЈА*

# КОГА СОНОТ СТАНУВА РЕАЛНОСТ- ОД МАТИЧЕН ЛЕКАР ДО УСПЕШЕН УРОЛОГ



***Урологијата е основна хируршка специјалност и многу е важна за пациентите. Во последните години, поради честа примена на современите технологии, како ласер и робот за оперативни интервенции, како и други современи апарати за дијагностика, драстично го подобривме успехот, во однос на точно и навремено дијагностицирање, како и успешен минимално инвазивен третман на нашите пациенти***

Горан Деримачковски е роден во битолското село Кукуречани во 1980 година, да биде доктор била голема желба на неговиот дедо Ване–воденичарот, а татко му Благој и мајка му Виолета деноноќно работеле земјоделство за да може тој да се школува.

Во 1999 година, по завршување на средното училиште, Деримачковски се запишал на Медицински Факултет во Софија. По две години, таму ја запознал својата сопруга, Слава од Кичево со која има две деца - Раја - 8 години и Дарио - 3 години.

По завршување на факултетот, од јануари 2006 година, Деримачковски работел како матичен лекар, а од јануари 2008 година почнал со специјализација по урологија на клиниката по урологија на Александровска болница. Додека специјализирал, продолжил да работи како матичен лекар (ноќни смени и сабото/недели дежурства). Имало периоди кога не си одел дома по три-четири дена, од клиниката каде што специјализирал одел на работа и обратно.

Специјалист е од април 2013 година. До септември 2014 работел како уролог специјалист во најголемата клиника по урологија, каде и специјализирал. Од септември 2014, до денес е во приватното здравство како уролог специјалист во две приватни болници: „Хил Клиник", Софија и МБАЛ „Света Софија", Софија. Во моментот подготвува докторски студии на тема „Уродинамика кај пациенти со бенигна простатна хиперплазија".

Ова е кратка биографија на д-р Горан Деримачковски, која наликува на народна приказна за патот до целта и успехот. Еве како тој одговори на нашите прашања:

**ЛВ: Што беше пресудно за вашата одлука да студирате во Бугарија?**

**Д-р Горан Деримачковски:** Пресудно за да се одлучам да студирам во Бугарија беше општото мислење во тоа време дека здравството и медицинското образование во Бугарија е на доста високо ниво, какво што е всушност и сега. Така, тука сум од септември 1999 година, од мојата 19 годишна возраст. Со


**Лекарски весник**
Информативно-едукативно гласило на Македонското лекарско друш
*Бесплатен примерок*
*Излегува еднаш месечно*

**Издавач:**
Македонско лекарско друштво
ул. Даме Груев бр. 3
**тел:** (02)3162 577;
**e-mail:** mld@unet.com.mk
**WEB:** www.mld.mk

**За издавачот:**
Доц. д-р Горан Димитров

**Издавачки совет:**
Проф. д-р Филип Дума
Доц. д-р Боро Џонов
Проф. д-р Славејко Сапунов
Проф. д-р Снежана Смичкоска
Проф. д-р Смиља Туџарова
Проф. д-р Оливера Муратовска
Прим. д-р Љубен Риставски
Прим. д-р Данчо Балаловски
Прим. д-р Зоре Димитриеска

**Главен уредник:**
Проф. д-р Елизабета Србиновска- Костовска

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Соња Генадиева - Ставриќ
Доц. д-р Агрон Старова
Доц. д-р Глигор Тофоски
Д-р Лидија Попоска
Прим. д-р Илир Љума
Проф. д-р Ирена Кондова

**Уредник:**
Ана Брајовиќ - Гапо

**Компјутерска и графичка обработка:**
Елена Димитрова

**Лектор :**
Даниела Алексоска

**Техничка поддршка:**
Весна Митревска и
Сандра Саздовска




стекнатите звања во Бугарија како општ лекар и како лекар–специјалист, можам да работам секаде во Бугарија, а откако во 2007 година, таа стана членка на ЕУ, би можел да работам и во другите земи од Унијата.

**ЛВ: Во каква здравствена институција работите како лекар, на кој оддел и дали сте задоволни од условите за работа кои ги имате таму?**

**Д-р Горан Деримачковски:** Од септември 2014, до денес сум во урولошки клиники како уролог специјалист во две приватни болници, во Софија „Хил клиник и МБАЛ „Света Софија. Условите за работа се едни од најдобрите, не само во Р. Бугарија. Секојдневно извршуваме оперативни интервенции на ниво како и во други европски клиники. Извршуваме ласерски операции на простата, ласерско кршење камен во уринарниот тракт. Клиниката располага со единствениот во Бугарија зелен ласер за простата, систем за Fusion биопсија на простатната жлезда, како и со апаратура за целосна уродинамична дијагностика. Во „Хил клиник", секој месец оперираат двајца од најреномираните уролози во Европа, д-р Фернандо Гомез Санча - експерт во ласерските оперативни интервенции на простатната жлезда и проф. Јенс Уве Штолценбург, експерт во лапароскопските и роботизирани оперативни интервенции во урологијата.

**ЛВ: На кое ниво е уролошката дејност таму, во однос на таа која кај нас се практикува?**

**Д-р Горан Деримачковски**: Нивото, како што кажав е доста високо, не само за Бугарија. Располагаме со најсовремена апаратура за дијагностицирање и третман на уролошките заболувања. И во Македонија, нивото на уролошка дејност, исто така, се зголемува со секоја измината година.

**ЛВ: Колку, според вас, е важна урологијата и самиот третман кај пациентите? Се случуваат ли и таму лекарски грешки?**

**Д-р Горан Деримачковски:** Урологијата е основна хируршка специјалност, и се разбира, дека е многу важна за пациентите. Во последните години, поради честата примена на современите технологии, како ласерите и роботот за оперативни интервенции, како и други современи апарати за дијагностика, драстично го подобривме успехот. во однос на точно и навремено дијагностицирање, како и успешно минимално инвазивен третман на нашите пациенти. Со тоа го намаливме и болничниот престој. Имаме пациенти кои што ги испишуваме следниот ден.

Секако дека има и лекарски грешки, и ќе има.. Важно е да се откријат на време, за да се коригираат и да не се со сериозни последици за пациентите. Со секој изминат ден во операциона сала, и со помош на современата техника што ја имаме, како и со континуираната обука во странство, гледаме дека грешки се случуваат се помалку.

**ЛВ: Колку тамошниот здравствен систем полага на континуираната медицинска едукација на лекарите и кои се придобивките на лекарите од професионалната наобразба?**

**Д-р Горан Деримачковски:** Бугарското уролошко друштво и Лекарската комора на Бугарија овозможуваат тоа да се случува. Исто така, болниците се почесто праќаат свои



лекари за дополнителни специјализации во странство.

**ЛВ: Имавте ли можност досега да воочите разлики во нивниот и во нашиот здравствен систем, меѓу тамошните и овдешните лекари?**

**Д-р Горан Деримачковски:** Последните години често се среќавам со мои колеги од Македонија, било да е тоа во Македонија, на симпозиуми и конгреси, организирани од нашето Македонското уролошко друштво, или пак, на конгреси и во Бугарија. Доста мои колеги урологи од Македонија присуствуваат на конгресите во Бугарија.

Кај нас здравниот систем не дозволува да се работи на повеќе од едно место. Тука не е така. Секој што сака и има време и можност, може да работи на повеќе од едно место. На пример, освен во двете приватни клиники, двапати во месецот патувам и консултирам пациенти со уролошки заболувања во градот Петрич, на околу 200 км од Софија и во градот Видин, на околу 250 км од Софија.



**ЛВ: Соработувате ли со вашите колеги во Македонија?**

**Д-р Горан Деримачковски:** Да, секако, како што веќе споменав, освен средбите по научни форуми, со голем дел од моите колеги од Македонија, доста од нив и мои пријатели, разменуваме искуства и мислења за подобра дијагностика и третман на нашите пациенти. И не само тоа, средбите некогаш се на кафе или пиво, чисто пријателски.

**ЛВ**: **Каква е Софија за професионална работа како вашата–лекарска, а каква е за живеење?**




**Д-р Горан Деримачковски**: Софија е сменета за последните 20 години. Нема ништо од 1999 година кога првпат дојдов тука. Се разбира, смената е кон подобро и можам да кажам дека Софија е еден европски град на државите од ЕУ.

**ЛВ: Ваше секојдневие?**

**Д-р Горан Деримачковски:** Денот ми почнува во 7 часот, ги оставам децата на училиште или детска градина. Патот кон болницата ми одзема околу 30-40 минути. Работата ми почнува во 8 часот, а крајот на работниот ден не е со фиксиран час, како кај другите професи. Таа вклучува, амбулантни прегледи, консултации и оперативни интервенции. Така е од понеделник до петок. Дополнително, два викенда во месецот сме ангажирани со оперативни интервенции со нашите колеги и учители, д-р Фернандо Гомез Санча и проф. Јенс Уве Штолценбург.

Хоби од дете ми е фудбалот. На почеток играв во ФК „Светлост" во родното село Кукуречани, па потоа на факултет во фудбалскиот тим на факултетот, а сега секоја недела со пријателите. Последните неколку години, се „запалив" по снукер, фер игра и супер спорт. Посетувам турнири кога имам можност со познати светски снукер играчи. Последната година дури учествував во Бугарското државно првенство по снукер.

**ЛВ:** Дали размислувате да се вратите да работите во Македонија?

**Д-р Горан Деримачковски:** Размислувам. Пред година и пол се здобив со лиценца за работа како уролог-специјалист и во Македонија. Последната година првпат практикував во една приватна болница во Скопје и во Битола, како уролог-консултант, доаѓав еднаш месечно. Имав идеја почесто да доаѓам во Битола за прегледи и консултации, а подоцна и за интервенции. За жал, бавниот здравствен систем во Македонија ми покажа дека тоа е невозможно.